КОЖУВЧАНКА
#ДаМуВерувашНаДедо
Кожувчанка ДОО ул. Шишка бр. 37 1430 Кавадарци, Р. Македонија тел./факс: +389 (0)43/420-975

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ,
# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА,
# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА,
# ПОЛИТИКА ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

## *ВИЗИЈА

**Водејќи сметка за контекстот на организацијата, како и стратешкиот правец на истата, да биде водечки бренд во производство и продажба на безалкохолни пијалоци и природна минерална вода.**

## *МИСИЈА

**Постојано унапредување во квалитетот и безбедноста на своите производи, заштита на околината и заштита на здравјето и безбедноста на работа, со цел остварување на својата визија.**

**Со ефективна и документирана примена на Системот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, Системот за управување со безбедност на храна согласно ISO 22000:2018 и IFS, Системот за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015 и Системот за управување со здравје и безбедност при работа согласно ISO 45001:2018, Кожувчанка ДОО има трајна определба за:**

- **Континуирано подобрување на ефикасноста на системите за управување со квалитет, животна средина, безбедност на храна и здравје и безбедност при работа;**
- **Активна интерна и екстерна комуникација во интерес на системите за управување со квалитет, животна средина, безбедност на храна и здравје и безбедност при работа;**
- **Усогласеност со законските барања и барања на заинтересираните страни за квалитет, безбеден производ, животна средина, како и здравје и безбедност при работа;**
- **Применета и одржувана Политика на сите нивоа од организацијата, подржувана со мерливи цели;**
- **Елиминирање/отстранување на несаканите влијанија од процесите во насока на заштита на здравјето и безбедност при работа и одржување на ефективен систем преку специфицирање на главни и задолжителни правила на работа, наменети за намалување на можности од повреди и болести;**
- **Активна партиципација и консултација на сите вработени за сите прашања кои се од интерес на здравјето и безбедноста при работа;**
- **Реализирање на решенија кои што во целост ги исполнуваат барањата на зантересираните страни и негување и развивање на партнерски однос со сите нив;**
- **Вработување на стручен и амбициозен персонал кој ќе има можност и обврска постојано да се развива и усовршува во рамките на дадените одговорности за релевантните системи;**
- **Инвестирање во квалитетот и заштитата на животната средина;**
- **Намалување на загадувачите од своите активности врз животната средина;**
- **Намалување на ризикот од еколошки катастрофи и зголемување на способноста на вработените за брза и ефикасна интервенција при вонредни ситуации;**
- **Правилно складирање, селектирање и дистрибуција на отпадните материјали;**
- **Подобрување на условите за работа, а со тоа и безбедноста на вработените во работната средина преку задолжителна употреба на заштитна работна облека и водење постојана грижа за здравјето на вработените;**
- **Зголемен број на услуги со еколошки свесни заинтересирани страни;**
- **Чекор напред во квалитетот во однос на конкуренцијата;**
- **Достапност на сите неопходни ресурси за исполнување на барањата на оваа Политика;**
- **Периодично преиспитување и достапност на истата до сите заинтересираните страни.**

**Датум: 07.03.2024**

**Управител:**
**Јанинка Чупаркоска**

Производство, трговија и услуги КОЖУВЧАНКА ДОО увоз-извоз Кавадарци